Проектот „**Подобрување на консолидацијата на земјиштето**”

Проектот „**Подобрување на консолидацијата на земјиштето**” претставува поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со цел унапредување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија преку подобрување на националната политика за консолидација на земјиштето, вклучително стратешката, правната и институционалната рамка, како и во понатамошна имплементацијата на Националната Програма за консолидација на земјиштето, преку целосно спроведување на проекти за консолидација во две подрачја – Дабјани и Чифлик, заедно со изградба на земјоделска инфраструктура.

Стратегијата за консолидација на земјиштето која произлезе како активност од овој прокт е во владина процедура.

Четирите подрачја за консолидација на земјиште се: Чифлик, Дабјани, Логоварди и Трн. Подрачјата за консолидација на земјиште кои првично беа таргетирани во рамки на ИПА-проектот „Подобрување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија“ се Чифлик и Дабјани, додека Логоварди е дополнително проектно подрачје кое е поддржано од Проектот преку договор за продолжување на проектот. МЗШВ ја финансира завршната фаза од процесот на консолидација на земјиште во подрачјето за консолидација Трн и Чифлик од национален буџет. Вкупната површина на веќе консолидираното земјиште изнесува 1620 ха (Дабјани 742 ха, Чифлик 156 ха, Трн 329 ха и Логоварди 393 ха).

Проектот е финансиран 1.300.000 мил € од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II–2019) и 200.000 € ФАО кофинансирање. Времетраењето на проектот е продолжен до јануари 2028.

Food and Agriculture Organization of the United Nations

EU with YOU

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство